# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА


**Службен гласник на Општина Кисела Вода**
**Излегува по потреба**
**Рок на рекламации 15 дена**
**www.kiselavoda.gov.mk**

**4 Март 2025**
**Скопје**
**Број 3, година XX**
**contact@kiselavoda.gov.mk**


**Скопје, Март, 2025 година**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за доделување на еднократна финансиска поддршка на пензионери во социјален ризик на територија на Општина Кисела Вода за 2025 година**

1. Со ова Решение се објавува Одлука за доделување на еднократна финансиска поддршка на пензионери во социјален ризик на територија на Општина Кисела Вода за 2025 година, донесена на Педесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 25 февруари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2253/1
04.03.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002), а во врска со член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Сл. Гласник на Општина Кисела Вода" бр.08/20), Советот на Општина Кисела Вода на Педесеттата пленарна седница одржана на 25 февруари 2025 година донесе:

## О Д Л У К А

### за доделување на еднократна финансиска поддршка на пензионери во социјален ризик на територија на Општина Кисела Вода за 2025 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат критериумите, постапката и начинот за доделување на еднократна финансиска поддршка на пензионери во социјален ризик на територија на Општина Кисела Вода за 2025 година со цел олеснување на состојбата на лицата од најранливите категории – пензионери кои имаат примања не повеќе од 22.640,00 денари заклучно со Јануари 2025 година. Висината на еднократната финансиска поддршка ќе изнесува 2.500,00 денари (без вклучен персонален данок).

**Член 2**

Средствата за доделување на еднократна финансиска поддршка на пензионери во социјален ризик на територија на Општина Кисела Вода за 2025 година од член 1 на оваа Одлука се предвидени во Програмата за месна самоуправа од Општина Кисела Вода Д10, ставка 464990 во вкупен износ од 7.000.000,00 денари во Буџетот на Општина Кисела Вода за 2025 година,

**Член 3**

Право на учество за користење на средства од доделувањето на еднократна финансиска поддршка на пензионери во социјален ризик на територија на Општина Кисела Вода за 2025 година ќе имаат сите граѓани-жители на Општина Кисела Вода кои се корисници на старосна, семејна, инвалидска или социјална пензија, кои се жители во општина Кисела Вода (според важечка лична карта) како и основниот критериум нивните примања за јануари 2025 година да не надминуваат 22.640.00 денари.

**Член 4**

За утврдување на исполнетоста на условите за доделување на еднократна финансиска поддршка на пензионери во социјален ризик на територија на Општина Кисела Вода за 2025 година, Градоначалникот на Општина Кисела Вода ќе донесе Решение за формирање на Комисија која ќе биде составена од 5 члена, која ќе биде задолжена да ја спроведе целата постапка на база прв дојден-прв услужен се до исцрпувањето на предвидените финансиски средства предвидени за оваа намена.

Врз основа на доставената документација и спроведената постапка, Комисијата ќе ја утврдува исполнетоста на предвидените критериуми и потребната документација и ќе достави Предлог список до Градоначалникот на Општина Кисела Вода за одобрување на истиот и исплата на предвидените финансиски субвенции на трансакциските сметки на граѓаните кои

биле одобрени од Комисијата со навремена и валидна документација се до исцрпувањето на предвидените средства во висина од вкупно 7.000.000,00 денари .

**Член 5**

Комисијата во постапката на разгледување и оценувањето на приложената документација има право да побара дополнителни документи или увид во оригинална документација која е доставена во фотокопија.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-1622/3
26 февруари 2025 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за субвенционир ање на дел од трошоците на млади лица (Матуранти - генерација 2025 година) за посетување на обука за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола од Б категорија**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за субвенционирање на дел од трошоците на млади лица (Матуранти - генерација 2025 година) за посетување на обука за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола од Б категорија, донесена на Педесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 25 февруари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2253/2
04.03.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002), а во врска со член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Сл. Гласник на Општина Кисела Вода" бр.08/20), Советот на Општина Кисела Вода на Педесеттата пленарна седница одржана на 25 февруари 2025 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за субвенционирање на дел од трошоците на млади лица (Матуранти - генерација 2025 година) за посетување на обука за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола од Б категорија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат критериумите, постапката и начинот за субвенционирање на дел од трошоците на граѓаните на територија на Општина Кисела Вода за субвенционирање на дел од трошоците на млади лица за посетување на обука за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола од Б категорија а кој започнале односно уплатиле кон некоја од лиценцираните авто школи започнувајќи од 01.01.2025 година. Право на субвенција ќе имаат само младите лица матуранти - генерација 2025 година кои се жители на општина Кисела Вода. Висината на субвенцијата ќе изнесува 10.000 денари (без вклучен персонален данок).

**Член 2**

Средствата за субвенционирање на дел од трошоците на млади лица (Матуранти - генерација 2025 година) за посетување на обука за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола од Б категорија од член 1 на оваа Одлука се предвидени во Програмата за месна самоуправа од Општина Кисела Вода Д10, ставка 464990 во вкупен износ од 4.000.000,00 денари во Буџетот на Општина Кисела Вода за 2025 година,

**Член 3**

Право на учество за користење на субвенции за дел од трошоците на млади лица матуранти – генерација 2025 година за посетување на обука за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола од Б категорија ќе имаат сите граѓани-жители на Општина Кисела Вода кои треба да бидат Матуранти во 2025 година односно следат последна година од настава во некои од Средните училишта.

Критериум исто така ќе биде и достава на оригинална фискална сметка за уплата на финансиски средства или склучен Договор со одредена уплата на финансиски средства започнувајќи од 01.01.2025 година кон некоја од лиценцираните авто школи за оспособување на кандидати за возачи од Б-категорија како и доколку навремено аплицираат на Јавниот повик кој ќе го објави Општината Кисела Вода во печатен медиум и на веб-сајтот на Општината и ќе трае се до исцрпувањето на предвидените финансиски средства во висина од 4.000 000,00 денари за 2025 година од Програмата за Месна самоуправа.

**Член 4**

За утврдување на исполнетоста на условите за субвенционирање на дел од трошоците на млади лица матуранти – генерација 2025 година за посетување на обука за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола од Б категорија, Градоначалникот на Општина Кисела Вода ќе донесе Решение за формирање на Комисија која ќе биде составена од 5 члена, која ќе биде задолжена да ја спроведе целата постапка на база прв дојден-прв услужен се до исцрпувањето на предвидените финансиски средства за оваа намена.

Врз основа на доставената документација и спроведената постапка, Комисијата ќе ја утврдува исполнетоста на предвидените критериуми и потребната документација и ќе достави Предлог список до Градоначалникот на Општина Кисела Вода за одобрување на истиот и исплата на предвидените финансиски субвенции на трансакциските сметки на граѓаните кои биле одобрени од Комисијата со навремена и валидна документација се до исцрпувањето на предвидените средства во висина од 4.000 000,00 денари

**Член 5**

Комисијата во постапката на разгледување и оценувањето на приложената документација, има право да побара дополнителни документи доколку е потребно од претходно наведените во Јавниот повик.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-1622/4
26 февруари 2025 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за субвенционирање на дел од трошоците на граѓаните на територија на Општина Кисела Вода за купување на дрва за огрев за 2025 година**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за субвенционирање на дел од трошоците на граѓаните на територија на Општина Кисела Вода за купување на дрва за огрев за 2025 година, донесена на Педесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 25 февруари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2253/3
04.03.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002), а во врска со член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Сл. Гласник на Општина Кисела Вода" бр.08/20), Советот на Општина Кисела Вода на Педесеттата пленарна седница одржана на 25 февруари 2025 година донесе:

## О Д Л У К А

### за субвенционирање на дел од трошоците на граѓаните на територија на Општина Кисела Вода за купување на дрва за огрев за 2025 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат критериумите, постапката и начинот за субвенционирање на дел од трошоците на граѓаните на територија на Општина Кисела Вода за купување на дрва за огрев каде Општина Кисела Вода ќе субвенционира по 500 денари (без влучен персонален данок) за секој купен метар кубен (1 м³) дрва за огрев но до максимална вкупна количина до 10 метри кубни (10 м³) или по 350 денари (без вклучен персонален данок) за секој купен метар просторен (1 м просторен) дрва за огрев но до максимална количина од 14 метри просторни (14 м просторни) дрва за огрев за жителите на Општина Кисела Вода кои купиле дрва за огрев од 01.Април.2025, а јавниот повик ќе трае се до исцрпување на предвидените финансиски средства за таа намена но не подоцна од 31.10.2025 година.

**Член 2**

Средствата за субвенционирање на дел од трошоците на граѓаните за купување на дрва за огрев од член 1 на оваа Одлука се предвидени во Програмата за месна самоуправа од Општина Кисела Вода Д10, ставка 464990 во вкупен износ од 1.200.000,оо денари во Буџетот на Општина Кисела Вода за 2025 година,

**Член 3**

Право на учество за користење на субвенции на дел од трошоците за купување на дрва за огрев ќе имаат сите полнолетни граѓани-жители на Општина Кисела Вода кои купиле дрва за огрев од 01.Април.2025, а јавниот повик ќе трае се до исцрпување на предвидените финансиски средства за таа намена но не подоцна од 31.10.2025 година.

Критериум е доставениот доказ во форма на Договор, испратница или останат документ (оригинал или фотокопија) кој ќе го потврди купувањето на дрвата како и правовремено аплицирање на Јавниот повик кој ќе го објави Општината Кисела Вода во печатен медиум и на веб-сајтот на Општината.

**Член 4**

За утврдување на исполнетоста на условите за субвенционирање на дел од трошоците на граѓаните на територија на Општина Кисела Вода за купување на дрва за огрев, Градоначалникот на Општина Кисела Вода ќе донесе Решение за формирање на Комисија која ќе биде составена од 5 члена, која ќе биде задолжена да ја спроведе целата постапка

на база прв дојден-прв услужен се до исцрпувањето на предвидените финансиски средства предвидени за оваа намена.

Врз основа на доставената документација и спроведената постапка, Комисијата ќе ја утврдува исполнетоста на предвидените критериуми и потребната документација и ќе достави Предлог список до Градоначалникот на Општина Кисела Вода за одобрување на истиот и исплата на предвидените финансиски субвенции на трансакциските сметки на граѓаните кои биле одобрени од Комисијата со навремена и валидна документација се до исцрпувањето на предвидените средства во висина од вкупно 1.200 000,00 денари .

**Член 5**

Комисијата во постапката на разгледување и оценувањето на приложената документација, има право да побара дополнителни документи или увид во оригинална документација која е доставена во фотокопија.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-1622/5
26 февруари 2025 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

## РЕШЕНИЕ

**за објава на Одлука за измена на Одлуката за одобрување средства како еднократна парична помош број 09-10015/15 од 13.11.2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за измена на Одлуката за одобрување средства како еднократна парична помош број 09-10015/15 од 13.11.2024 година, донесена на Педесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 25 февруари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2253/4
04.03.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ„ бр.5/02), член 34, став 1, точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.1/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Педесеттата пленарна седница одржана на 25 февруари 2025 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за измена на Одлуката**
**за одобрување средства како еднократна парична помош**
**број 09-10015/15 од 13.11.2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на Одлуката за одобрување средства како еднократна парична помош број 09-10015/15 од 13.11.2024 година на начин што во член 3, алинеја 4 зборот „Димитар“ се заменува со зборот„Благоја“, додека во истиот член 3 алинејата 31 целосно се брише.

Во сите останати членови Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-1622/6
26 февруари 2025 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Заклучок за усвојување на Информација за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Кисела Вода во 2024 година на Полициска станица од Општа надлежност „Кисела Вода“**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Кисела Вода во 2024 година на Полициска станица од Општа надлежност „Кисела Вода“, донесен на Педесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 25 февруари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2253/5
04.03.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 точка 13 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02) и член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода пречистен текст (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), расправајќи по Информацијата за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Кисела Вода во 2024 година на Полициска станица од Општа надлежност ,,Кисела Вода,, Советот на Општина Кисела Вода на Педесеттата пленарна седница одржана на 25 февруари 2025 година донесе:

## З А К Л У Ч О К

**за усвојување на Информација за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Кисела Вода во 2024 година на Полициска станица од Општа надлежност „Кисела Вода“**

1.Со овој Заклучок се усвојува Информацијата за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Кисела Вода во 2024 година на Полициска станица од Општа надлежност „Кисела Вода“.

2. Заклучокот да се достави до Полициска станица од општа надлежност „Кисела Вода“ Скопје, односно до МВР на Република Северна Македонија.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-1622/7
26 февруари 2025 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

## РЕШЕНИЕ

### за објава на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на Полициска станица од Општа надлежност „Драчево“, за 2024 година

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за работата на Полициска станица од Општа надлежност ,,Драчево,, за 2024 година, донесен на Педесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 25 февруари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2253/6<br>
04.03.2025 година<br>
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>
на Општина Кисела Вода<br>
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 точка 13 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02) и член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода пречистен текст (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), расправајќи по Годишниот извештај за работата на Полициска станица од Општа надлежност ,,Драчево,, за 2024 година, Советот на Општина Кисела Вода на Педесеттата пленарна седница одржана на 25 февруари 2025 година донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Годишен извештај за работата на Полициска станица од Општа надлежност „Драчево“ за 2024 година**

1.Со овој Заклучок се усвојува Годишниот извештај за работата на Полициска станица од Општа надлежност „Драчево“ за 2024 година.

2. Заклучокот да се достави до Полициска станица од општа надлежност „Драчево“ Скопје, односно до МВР на Република Северна Македонија.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-1622/8
26 февруари 2025 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Заклучок за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3**
**за четвртиот квартал од 2024 година**
**- К1 -квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година;**
**- К2 - квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода,**
**- К3 - квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за четвртиот квартал од 2024 година – К1 -квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година; - К2 - квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, - К3 - квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините, донесен на Педесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 25 февруари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2253/7
04.03.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1, алинеја 7 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија„ бр.5/02), член 34, став 1, алинеја 21 и член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), а во врска со член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија„ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 77/21, 150/21 и 173/22), расправајќи по Кварталните извештаи К1, К2 и К3 за четвртиот квартал од 2024 година – К1 - квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година; К2 - квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, К3 - квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините, Советот на Општина Кисела Вода на Педесеттата пленарна седница одржана на 25 февруари 2025 година донесе:

## З А К Л У Ч О К

**за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за четвртиот квартал од 2024 година - К1 - квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година; К2 - квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, К3 - квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините**

1. Со овој Заклучок се усвојуваат Кварталните извештаи К1, К2 и К3 за четвртиот квартал од 2024 година – К1 -квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година; К2 - квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, К3 - квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините.

2. Заклучокот да се достави до Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за финансиски прашања.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-1622/9
26 февруари 2025 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за енергетска ефикаснот во Општина Кисела Вода за 2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за енергетска ефикаснот во Општина Кисела Вода за 2024 година, донесен на Педесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 25 февруари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2253/8
04.03.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02), член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода пречистен текст (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/20), расправајќи по Извештајот за реализација на Програмата за енергетска ефикасност во Општина Кисела Вода за 2024 година, Советот на Општина Кисела Вода на Педесеттата пленарна седница одржана на 25 февруари 2025 година донесе:

## З А К Л У Ч О К

### за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за Енергетска Ефикасност во Општина Кисела Вода за 2024 година

1.Со овој Заклучок се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за енергетска ефикасност во Општина Кисела Вода за 2024 година.

2. Заклучокот да се достави до Секторот за локален економски развој и Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-1622/10
26 февруари 2025 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

РД/СВ

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

## РЕШЕНИЕ

**за објава на Заклучок за усвојување на Акционен план за 2025 година за Енергетска фикасност на Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за усвојување на Акциониот план за 2025 година за Енергетска фикасност на Општина Кисела Вода, донесен на Педесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 25 февруари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2253/9
04.03.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02), член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода пречистен текст (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/20), расправајќи по Акциониот план за 2025 година за Енергетска фикасност на Општина Кисела Вода, Советот на Општина Кисела Вода на Педесеттата пленарна седница одржана на 25 февруари 2025 година донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Акционен план за 2025 година за Енергетска фикасност на Општина Кисела Вода**

1.Со овој Заклучок се усвојува Акциониот план за 2025 година за Енергетска фикасност на Општина Кисела Вода.

2. Заклучокот да се достави до Секторот за локален економски развој и Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-1622/11
26 февруари 2025 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за именување претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за именување претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода, донесена на Педесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 25 февруари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2253/10
04.03.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 106 став 2 и член 176 став 1 и став 2 од Законот за основно образование (,,Службен весник на РСМ,, бр.161/19; 229/20 и 3/25 ) и член 16, став 1, точка 6 алинеа 1 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.01/20), Советот на Општина Кисела Вода на Педесеттата пленарна седница одржана на 25 февруари 2025 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за именување претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода**

**Член 1**

Со оваа Одлука се именуваат претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода.

**Член 2**

За претставници во училишните одбори на основните училишта се именуваат:

1. ООУ „Невена Георгиева Дуња“
- Димитар Селев
2. ООУ „Кирил Пејчиновиќ“
- Елизабета Јаневска
3. ООУ „Партенија Зографски“
- Николче Гроздановски
4. ООУ „Кузман Јосифовски-Питу“
- Надица Спасовска Трајановски
5. ООУ „Круме Кепески“
- Славе Андоновски
6. ООУ „Рајко Жинзифов“ н. Драчево
- Гоце Јаневски
7. ООУ „Кузман Шапкарев“ н.Драчево
- Бобан Стефановски
8. ООУ „Св.Климент Охридски“ с.Драчево
- Игорче Арсовски

**Член 3**

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за именување претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода бр. 09-1735/17 од 24.02.2022 година и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за именување претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода бр. 09-4676/9 од 05.06.2023 година.

**Член 4**

Мандатот на членовите ќе трае 3 години.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-1622/12
26 февруари 2025 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Програма за измена и дополна на Програма В – предучилишно воспитување за 2025 година и Програма (В1) – предучилишно воспитување – капитални трошоци за 2025 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за измена и дополна на Програма В – предучилишно воспитување за 2025 година и Програма (В1) – предучилишно воспитување – капитални трошоци за 2025 година, донесена на Педесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 25 февруари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2253/11
04.03.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 34, став 1, точка 8 од Статутот на општина Кисела Вода (Сл.Гласник на општина Кисела Вода бр.01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Педесеттата пленарна седница одржана на 25 февруари 2025 година донесе:

## ПРОГРАМА

### за измена и дополна на Програма В – предучилишно воспитување за 2025 година и Програма (В1) – предучилишно воспитување – капитални трошоци за 2025 година

**Член 1**

Се врши измена и дополна на Програма В – предучилишно воспитување и Програма (В1) – предучилишно воспитување – капитални трошоци за 2025 година објавена во Службен гласник на општина Кисела Вода бр. 01/2025, на начин што:

- Во делот "Проект "ИЗГРАДБА-ДОГРАДБА НА НОВА ЈАВНА ДЕТСКА ГРАДИНКА" со предвидени средства 35.000.000,00 денари" се додаваат средства во износ од 1.000.000,00 денари, односно вкупниот износ за "Проектот "ИЗГРАДБА-ДОГРАДБА НА НОВА ЈАВНА ДЕТСКА ГРАДИНКА" изнесува 36.000,000,00 денари

Во останатиот текст Програма В – предучилишно воспитување и Програма (В1) – предучулушно воспитување – капитални трошоци за 2025 година останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-1622/13
26 февруари 2025 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма за измена и дополна на Програма (ЛО) – спорт и рекреација и Програма за работа на ЈКП КИСЕЛА ВОДА 2022 СКОПЈЕ за 2025 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за измена и дополна на Програма (ЛО) – спорт и рекреација и Програма за работа на ЈКП КИСЕЛА ВОДА 2022 СКОПЈЕ за 2025 година, донесена на Педесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 25 февруари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2253/12
04.03.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и точка 13 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 34, став 1, точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода (Сл. Гласник на Општина Кисела Вода бр.01/20), Советот на Општина Кисела Вода на Педесеттата пленарна седница одржана на 25 февруари 2025 година донесе:

**ПРОГРАМА**

**за измена и дополна на Програма ( ЛО ) – спорт и рекреација и Програма за работа на ЈКП КИСЕЛА ВОДА 2022 СКОПЈЕ за 2025 година**

**Член 1**

Се врши измена на Програмата (ЛО) спорт и рекреација и Програма за работа на ЈКП КИСЕЛА ВОДА 2022 СКОПЈЕ за 2025 година со бр. 09-11562/9 од 27.12.2024 година, на начин што во делот:

Програмата на ЈКП КИСЕЛА ВОДА 2022 СКОПЈЕ, која што е во склоп на Програмата (ЛО) спорт и рекреација за 2025 година на начин што во делот на Детален табеларен приказ на трошоци за 2025 година, под реден број 1 зборовите „Бруто плата (16 вработени) – 8.100.000 денари“, се заменуваат со зборовите „Бруто плата (16 вработени) – 8.600.000 денари“. Зборовите „Тотал за 2025 – 8.500,000,00 денари“ се заменуваат со зборовите „Тотал за 2025 – 9.000.000,00 денари“

Делот ВКУПНО Буџет за Програма за спорт и рекреација (ЛО) 18.993.000,00 се менува во 19.493.000,00.

Во останатиот текст на Програмата (ЛО) спорт и рекреација за 2025 година истата останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-1622/14
26 февруари 2025 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Програма за измена и дополнување на Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво и Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2025 година и Програма за работа на Дом на култура „Билјана Беличанец“- Скопје за 2025 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво и Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2025 година и Програма за работа на Дом на култура „Билјана Беличанец“- Скопје за 2025 година, донесена на Педесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 25 февруари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2253/13
04.03.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 и точка 13 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 34, став 1, точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода (Сл.Гласник на Општина Кисела Вода бр.01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Педесеттата пленарна седница одржана на 25 февруари 2025 година донесе:

## ПРОГРАМА

### за измена и дополнување на Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво и Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2025 година и Програма за работа на Дом на култура „Билјана Беличанец“- Скопје за 2025 година

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво и Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2025 година со бр. 09-11562/18 од 27.12.2024 година, на начин што во делот во Програма за работа на Дом на култура„Билјана Беличанец“- Скопје за 2025 година, останати трошоци:

Се врши измена и дополна на Друга опрема, 72.000 денари се зголемуваат за 100.000,00 денари и сега изнесуваат 172.000,00 денари.

Се врши измена и дополна на други оперативни трошоци, 60.000,00 денари се зголемуваат за 100.000,00 денари и сега изнесуваат 160.000,00 денари.

Се врши измена и дополна во делот ВКУПНО – Во делот трошоци 1.922.000,00 денари се зголемуваат за 200.000,00 денари и изнесуваат 2.122.000,00 денари.

Се врши измена и дополна во делот: ВКУПНО- Програмата за култура (К4), културни манифестации и творештво и Програма (КА) културни манифестации и творештво-капитални расходи за 2025 година и Програма за работа на Дом на култура„Билјана Беличанец“-Скопје на начин што планираните 15.822.000,00 се зголемуваат за 200.000,00 денари и сега изнесува 16.022.000,00 денари.

Во останатиот дел, Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво и Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2025 година, останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-1622/15
26 февруари 2025 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Програма за измена и дополнување на Програмата (Ј) – комунални дејности за 2025 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата (Ј) – комунални дејности за 2025 година, донесена на Педесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 25 февруари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2253/14
04.03.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 и точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр.5/02), член 15, став 1, точка 1 алинеја 6 и точка 4 од Законот за Град Скопје (Сл.Весник на РМ бр.55/04 и бр.158/2011), член 95, став 3 од Закон за градежно земјиште (Сл.Весник на РМ бр.15/2015, бр.98/2015, бр.193/2015, бр.226/2015, бр.31/2016, бр.142/2016, бр190/2016), член 16, став 1, точка 1, алинеја 6 и точка 4, а во врска со член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (Сл.Гласник на Општина Кисела Вода бр.01/2020), Советот на Општина Кисела Вода на Педесеттата пленарна седница одржана на 25 февруари 2025 година донесе:

**Програма**

**измена и дополнување на Програмата (Ј) – Комунални дејности за 2025 година**

Се врши измена и дополнување на Програмата (Ј)- комунални дејности за 2025 година:

-подпрограма Ј40 јавна чистота
Подпрограмата Ј40 јавна чистота од планираните 14.600.000,00денари се зголемува за 1.000.000,00 денари и изнесува 15.600.000,00 денари
Подставка 425990 други договорни услуги од планираните 13.000.000,00денари се зголемува за 1.000.000,00 денари и изнесува 14.000.000,00 денари

-подпрограма ЈД0- изградба и реконструкција на локалните патишта и улици
Подпрограмата ЈД0 од планираните 202.954.176,00 ден се зголемува за 9.500.000,00денари и изнесува 212.454.176,00 денари.
Подставката 482930 реконструкција на други објекти од планираните 6.000.000,00 денари се зголемува за 9.500.000,00 денари и изнесува 15.500.000,00 денари

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-1622/16
26 февруари 2025 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Програма за дополнување на Програмата на Општина Кисела Вода од областа на социјалната заштита за 2025 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за дополнување на Програмата на Општина Кисела Вода од областа на социјалната заштита за 2025 година, донесена на Педесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 25 февруари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2253/15
04.03.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 34, став 1, точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.01/20), Советот на Општина Кисела Вода на Педесеттата пленарна седница одржана на 25 февруари 2025 година донесе:

**Програма**

**за дополнување на Програмата на општина Кисела Вода од областа на социјалната заштита за 2025 година**

**Член 1**

Се врши дополнување на Програмата од областа на социјалната заштита за 2025 година објавена со арх.бр.09-11562/8 од 27.12.2024 година на начин што:

► Се дополнува Програмата Д10 ставка 464990 на начин што истата се зголемува за 1.000 000,00 денари и сега изнесува 22.350 000,00.

Зголемувањето се однесува на Проектот за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденчиња на подрачје на Општина Кисела Вода од 01-01-2025 до 31-12-2025 година, кое со Одлука на Советот на општина Кисела Вода од 28.01.2025 година и заведена под арх.бр.09-529/6 е зголемена на 12.000,00 денари за секое семејство со новороденче.

Во останатиот текст Програмата на Општина Кисела Вода од областа на социјалната заштита за 2025 година останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-1622/17
26 февруари 2025 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ

РД/СВ

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалнa самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2025 година**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2025 година, донесена на Педесеттата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 25 февруари 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2253/16
04.03.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 5/2002) и член 29 став 1 од Законот за финасирање на единиците на локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија број 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15 и 209/2018, и Службен весник на РСМ 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24), Советот на Општина Кисела Вода на 50 седница, одржана на 25.02.2025 година, донесе

Измена и дополнување на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2025 година

I.ОПШТ ДЕЛ

Член 1

Измена и дополнување на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2025 година се состои од:

во денари

| | **БУЏЕТ** | **РЕБАЛАНС** |
|---|---|---|
| **I. Вкупни приходи** | **1.301.699.958** | **1.301.699.958** |
| **- Даночни приходи** | **387.200.000** | **387.200.000** |
| **- Неданочни приходи** | **89.523.000** | **89.523.000** |
| **- Капитални приходи** | **43.037.815** | **43.037.815** |
| **- Приходи од дотации** | **572.837.747** | **572.837.747** |
| **- Трансфери** | **193.794.396** | **193.794.396** |
| **- Приходи од донации** | **15.307.000** | **15.307.000** |
| | | |
| **II. Вкупни расходи** | **1.507.695.158** | **1.532.322.552** |
| - утврдени намени | 1.504.495.158 | 1.528.122.552 |
| - резерви | 3.200.000 | 4.200.000 |
| III. Дефицит | - 205.995.200 | - 230.622.594 |
| IV.Финансирање | 205.995.200 | 230.622.594 |
| **Прилив** | **218.935.200** | **243.562.594** |
| **Домашно задолжување** | **6.400.000** | **6.400.000** |
| **Депозит** | **212.535.200** | **237.162.594** |
| **Одлив** | **12.940.000** | **12.940.000** |
